Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат, на 32. седница одржана на 6.6.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за потврдување на избор во звањето редовен професор

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Влатко Андоновски**, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Шумарски факултет - Скопје, во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња:

- *облагородување на шумските дрвја;*
- *хортикултура.*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

---

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 21 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат, на 32. седница одржана на 6.6.2019 година, го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5.11.2018 година), во членот 11 се додава нов став 2, кој гласи:

*Во наставно-научното звање* ***доцент, вонреден професор*** *или* ***редовен професор*** *на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет може да биде избрано лице кое има докторат на науки и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на претходното образование кое, согласно со прописите, е потребно, односно било потребно за стекнување на научниот степен доктор на науки.*

Ставот 2 станува став 3.

**Член 2**

Во членот 13 се додава нов став 2, кој гласи:

*За* ***научен соработник, виш научен соработник*** *или* ***научен советник*** *на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет може да биде избрано лице кое има докторат на науки и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на претходното образование, кое, согласно со прописите, е потребно, односно било потребно за стекнување на научниот степен доктор на науки.*

Ставот 2 станува став 3.

**Член 3**

Во членот 23, став 1, по зборот *Законот* се додаваат зборовите *и од овој Правилник*, а по зборот *успех,* наместо запирка, се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

*Одредбите од став 1 на овој член се применуваат и за наставниците од Центарот за физичко образование, спорт и здравје на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при изборот во наставно-научно звање.*

Во ставот 2, кој станува став 3, по зборот *Законот* се додаваат зборовите *и од овој Правилник*, а по зборот *успех,* наместо запирка, се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, точка 43 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат, на 32. седница одржана на 6.6.2019 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А

### за начинот на разрешување на состојбите поврзани со градежно земјиште чиј корисник е Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и кое не го користи

**Член 1**

Со оваа Одлука, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е согласен да му престане правото на користење на недвижен имот - градежно земјиште, во корист на Република Северна Македонија, доколку:

- Универзитетот нема свои објекти на тоа градежно земјиште;
- Универзитетот никогаш да немал фактичко владение на тоа градежно земјиште;
- Универзитетот не го стекнал земјиштето со надомест, или доколку нема доказ дека земјиштето го стекнал со надомест;
- според важечките детални урбанистички планови (ДУП-ови) да не е предвидена изградба на објекти со намена за високото образование;
- според деталните урбанистички планови е предвидена изградба на објекти за друга намена, поради што е потребно дооформување на градежната парцела;
- Универзитетот да нема право да го приватизира земјиштето;
- постапката за одземање на правото на користење на тоа градежно земјиште од Универзитетот во корист на Република Северна Македонија ја водат надлежните органи - Јавното правобранителство, односно Управата за имотно-правни работи или друг надлежен орган.

**Член 2**

Престанувањето на правото на користење на градежното земјиште на Универзитетот се однесува на постапките за:

- откуп на градежно земјиште на кое постои објект со запишано право на сопственост врз основа на решение за утврдување на правен статус на бесправен објект (легализација);
- стекнување на право на приватна сопственост на градежното земјиште во државна сопственост на кое право на користење имаат физички и правни лица (приватизација);
- реализација на важечките детални урбанистички планови (ДУП-ови).

**Член 3**

За реализација на постапките од член 2, потребно е кумулативно да бидат исполнети условите од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука ќе се применува за постапките започнати пред нејзиното влегување во сила, како и за новонастанатите постапки по нејзиното влегување во сила доколку се исполнети условите од членовите 1, 2 и 3 од оваа Одлука.

Во случаите од ставот 1 на овој член, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе дава согласност за престанок на правото на користење на предметното земјиште.

За сите донесени одлуки, ректорот го информира Универзитетскиот сенат.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**